[ Professional ] Account

# ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ НА ВАЖЕЊЕ НА МАРЖАТА НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ (ЛЕБ, ЈАЈЦА, ТЕСТЕНИНИ, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ...) ДО 30 ЈУНИ 2023 ГОДИНА

Во Службен весник на РСМ бр. 91/23 објавена е:

- ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ. Одлуката стапи на сила од 28 април 2023 година.

Со Одлуката **се продолжува рокот на важење на ограничената маржа (кој беше определен до 30 април 2023 година) за**:

- леб бел (сечен на парчиња или цел);
- шеќер бел;
- сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);
- брашно од пченица – тип 400 и тип 500;
- макарони и шпагети од тврда пченица;
- македонски ориз бел;
- трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
- јајца од кокошка;
- урда;
- кравјо бело сирење и мешано бело сирење;
- кашкавал;
- кисело млеко и павлака и
- јогурт.

Највисоката трговска маржа за стоките: **леб бел (сечен на парчиња или цел), шеќер бел и сончогледово масло** за јадење (без ладно цедено масло) за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во висина до 5% во трговијата на големо и до 5% во трговијата на мало.

Највисоката трговска маржа за стоките:

- брашно од пченица – тип 400 и тип 500;
- макарони и шпагети од тврда пченица;
- македонски ориз бел;
- трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
- јајца од кокошка;
- урда;
- кравјо бело сирење и мешано бело сирење;
- кашкавал;
- кисело млеко и павлака и
- јогурт,

за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец се утврдува во висина до 10% во трговијата на големо и до 10% во трговијата на мало.

**ОГРАНИЧУВАЊЕТО СЕ ПРОДОЛЖУВА ДО 30 ЈУНИ 2023 ГОДИНА.**

# ПРОДОЛЖЕН РОКОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ОВОШЈЕТО И ЗЕЛЕНЧУКОТ И ОБВРСКАТА ЗА НИВНОТО ПРИБАВУВАЊЕ И ПРОДАЖБА ДО 31 МАЈ 2023 ГОДИНА

Во "Службен весник на РСМ" бр.92/23 објавени се:

- ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО (ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК) И

- ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД.

1. Со ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО се продолжува рокот на важење на ограничените цени на одредени видови зелечнук и овошје, и тоа:

- **до 95 денари за килограм свежи домати**,

**-до 95 денари за килограм свежи краставици,**

**-до 70 денари за килограм кромид,**

**-до 100 денари за килограм свежи зелени пиперки,**

**-до 95 денари за килограм грав,**

**-до 110 денари за килограм леќа,**

**-до 75 денари за килограм банани,**

**- до 60 денари за килограм портокали,**

**-до 65 денари за килограм мандарини и**

**-до 60 денари за килограм лимони.**

**Овие највисоки цени продолжуваат да важат до 31 мај 2023 година.**

Највисоките цени на производите во трговијата на мало ТРЕБА **да се применуваат и на зелените пазари.**

2. Со ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД **се продолжува рокот на примена на обврската за прибавување и продажба на определените видови зеленчук и овошје до 31 мај 2023 година и се брише карфиолот од листата.**

**Обврската** да прибавуваат и/или да продаваат свежи домати, свежи краставици, кромид, свежи зелени пиперки, грав, леќа, банани, портокали, мандарини и лимони се однесува на:

- **трговците кои** претставуваат правни и физички лица кои **се регистрирани за вршење на трговска дејност во соодветен регистар согласно со закон и**

-**трговците кои** претставуваат правни и физички лица **кои се регистрирани за вршење на трговска дејност во соодветен регистар согласно со закон кои ги увезуваат производите и ги продаваат на пазарот во сопствени продавници или на други трговци на големо и мало со прехранбени производи и на зелените пазари**,

Трговците кои претставуваат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на трговска дејност во соодветен регистар согласно со закон, имаат обврска во структурата на дневната набавка на сите видови овошје и зеленчук, ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ **најмалку 70%** од

овошјето и зеленчукот од оваа одлука, **од количините** што редовно се прибавувале и продавале **во март 2023 година**.

Трговците кои претставуваат правни и физички лица кои се регистрирани за вршење на трговска дејност во соодветен регистар согласно со закон, КОИ ГО УВЕЗУВААТ овошјето и зеленчукот од оваа одлука и го продаваат на пазарот во сопствени продавници или на други трговци на големо и мало со прехранбени производи и на зелените пазари, **имаат обврска најмалку 70% од увезените количини на овошје и зеленчук ДА ГИ СТАВАТ ВО ПРОМЕТ на домашниот пазар.**